THE AIRE CENTRE
Advice on Individual Rights in Europe

CIVIL RIGHTS DEFENDERS

10 annual regional
RULE OF LAW FORUM
for south east europe

# Десетти годишен регионален Форум за владеење на правото во Југоисточна Европа

## Балансирање помеѓу заштитата на личните податоци и транспарентната правда: Европска правна рамка

# Извештај

UK Government

Sweden Sverige

# Вовед

## Што претставува Форумот за владеење на правото за Југоисточна Европа?

Форумот ги собира судиите од Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), претседателите и судиите на врховните и уставните судови од регионот, претседателите на судските совети, претставниците од правосудните академии и институции за обука, владините агенти пред Судот во Стразбур, претставниците на невладините организации (НВО) и угледните правни експерти во оваа област. Организаторите и учесниците на Форумот работат на тоа да ја поттикнат имплементацијата на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) ширум Југоисточна Европа, да ја поттикнат регионалната соработка за зајакнување на владеењето на правото и почитувањето на човековите права и да им се помогне на земјите од Југоисточна Европа во процесот на интеграција во Европската Унија (ЕУ).

Форумот е резултат на долгогодишното партнерство помеѓу Програмата за Западен Балкан на AIRE Центарот и Civil Rights Defenders, а овогодинешниот Форум имаше посебно значење бидејќи ја прослави десетгодишнината од Регионалниот Форум за владеење на правото. Форумот искажува благодарност за континуираната и суштинска соработка со Европскиот суд за човекови права, што придонесува до поголема информираност и заинтересираност кон нашата работа. Конечно, мора да им се заблагодариме на поддржувачите на Форумот и нивната постојана посветеност на принципите на владеењето на правото и човековите права: Владата на Обединетото Кралство и Владата на Шведска.

**Придружете ни се на патување низ времето и погледнете го видеото со најважните моменти од десетгодишниот напредок на Форумот за владеење на правото!**






# Форум 2023: Балансирање помеѓу заштитата на личните податоци и транспарентната правда

Во 2023 година, Десеттиот годишен Форум за владеење на правото се фокусираше на новите прашања во однос на заштитата на податоците и транспарентната правда. Двете теми и нивната меѓусебна интеракција, стануваат сè поактуелни, бидејќи технологијата продолжува да го трансформира начинот на кој се спроведува истрагата и прогонот во врска со кривичните дела и како се водат и евидентираат судските постапки. Дискусиите беа фокусирани околу заштитата на членот 8 од ЕКЧП, правото на почитување на приватниот и семејниот живот, во контекст на судските постапки, земајќи ги предвид барањата од правото на правично судење според членот 6 од ЕКЧП и правото на слобода на изразување според членот 10 од ЕКЧП.

# Говорници и панелисти на Форумот

За Форумот беше корисно присуството на многу европски и врвни претставници од судството од регионот, вклучително и претседателката на Уставниот суд на Босна и Херцеговина, Валерија Галиќ. Дискусиите ги водеа следните меѓународните судии:

- **Марко Бошњак** - Потпретседател на ЕСЧП
- **Арнфин Бардсен** - Судија на ЕСЧП во однос на Норвешка, претседател на одделот
- **Јован Илиевски** - Судија на ЕСЧП во однос на Република Северна Македонија
- **Даријан Павли** - Судија на ЕСЧП во однос на Албанија
- **Ерик Венерштром** - Судија на ЕСЧП во однос на Шведска
- **Фарис Вехабовиќ** - Судија на ЕСЧП во однос на Босна и Херцеговина
- **Ивана Јелиќ** - Судијка на ЕСЧП во однос на Црна Гора
- **Давор Деренчиновиќ** - Судија на ЕСЧП во однос на Хрватска
- **Тим Ајке** - Судија на ЕСЧП во однос на Обединетото Кралство
- **Леди Бјанку** - Поранешен судија на ЕСЧП и судија во Уставниот суд на Босна и Херцеговина

# Водич на Форумот за 2023 година

Форумот оваа година е придружен со практичен Водич за судството и правните практичари. Првиот дел од водичот има за цел да обезбеди практични насоки во врска со новите прашања за човековите права што се јавуваат во однос на заштитата на податоците и приватноста на информациите во контекст на судските постапки. Публикацијата детално се осврнува на судската пракса на ЕСЧП, со фокус на членовите 6, 8 и 10 од ЕКЧП, како и со разгледување на ставовите согласно правото на ЕУ, на кои се повикува ЕСЧП во својата судска пракса. Вториот дел од водичот содржи резимеа на судската пракса на ЕСЧП и Судот на правдата на Европската унија (СПЕУ), идентификувани како најрелевантни за правата од Конвенцијата, дискутирани во првиот дел.

Иако Водичот ќе се споменува низ овој извештај, целиот текст на Водичот може да се најде тука.



# Воведни говори на Форумот

Форумот започна со воведни говори од организаторите на Форумот, **Билјана Брејтвејт** и **Горан Милетиќ**. Во овие говори беше согледан растот на Форумот за владеење на правото во изминатите десет години, беше изразена благодарност на многубројните соработници и учесници од минатите Форуми и беше земено предвид навременото разгледување на темата на Форумот во ера во која технологијата и податоците се сè поприсутни.

Воведните говори на **Валерија Галиќ**, претседателка на Уставниот суд на Босна и Херцеговина, **Џулијан Рајли**, британски амбасадор во Босна и Херцеговина и **Хелена Лагерлоф**, шведска амбасадорка во Босна и Херцеговина, се надоврзаа на ова и го проширија опсегот на прашањата. Во нивните опсервации беше вклучено како тоа правото на приватност и како транспарентната правда може да бидат спротивставени, но исто така може да бидат меѓусебно поврзани; како развојот на технологијата неизбежно носи нови ризици за општеството, за поединците и за владеењето на правото; и вредноста во регионалната соработка за подобрување на квалитетот на заштитата на човековите права и владеењето на правото.









*Технологијата што се развива продолжува да обезбедува можности и предизвици во контекст на судските постапки. Употребата на иновативните истражни мерки, како што се следењето и пресретнувањето на електронската комуникација, од страна на судовите и обвинителите, јасно ја покажува големата вредност на доказите и информациите што можат да се обезбедат преку таквите методи, кои имаат потенцијал да ги поттикнат напорите за спречување и казнување на сериозниот организиран криминал. Меѓутоа, треба да се преземат чекори во согласност со правата на Конвенцијата и со потребата да се обезбеди правичност и доверба во судскиот систем. Судството има централна улога во навигацијата на тие проблеми, обезбедувајќи доволно заштитни мерки, истовремено признавајќи ги значајните предности што таквите докази можат да ги донесат.*

**Билјана Брејтвејт**



> *Форумот постојано служеше како извор на инспирација и мотивација за сите учесници, вклучително и за мене. Неговото влијание ја надминува обичната размена на идеи; ја разгорува колективната страст, која ја зајакнува нашата заедничка посветеност за унапредување на принципите на правдата и човековите права. Темата за оваа година е особено витална. Балансот помеѓу заштитата на податоците и транспарентноста на судските постапки е прашање од големо значење, длабоко вкоренето во принципите на владеењето на правото и демократијата. Тоа значително влијае и на зачувување на довербата на граѓаните во судството, што е особено клучно во време кога довербата и во демократијата и во судскиот систем во нашиот регион опаѓа.*
>
> **Горан Милетиќ**

## Клучен говор: Судија Марко Бошњак, потпретседател на Европскиот суд за човекови права

Клучниот говор на **судијата Бошњак** даде одличен вовед за различните ситуации каде што потребата за заштита на приватните информации и податоци мора внимателно да се избалансира со важноста на транспарентната правда. Судијата Бошњак идентификуваше две категории на случаи: прво, кога судскиот систем се потпира на личните податоци и ги објавува овие податоци и второ, каде што самиот правосуден систем создава лични податоци кои потоа се мобилизираат од медиумите.

Судијата Бошњак ги анализираше овие две категории низ призмата на четири клучни случаи на ЕСЧП. Во однос на првата категорија, тој ги анализираше *Б. и П. против Обединетото Кралство [B. and P. v. the United Kingdom]*, *Л.Л. против Франција, [L.L. v. France]* и *Висент дел Кампо против Шпанија [Vicent del Campo v. Spain]*. Преку овие случаи, меѓу другото, судијата Бошњак истакна како структурата на образложението на ЕСЧП и клучните принципи на толкување на ЕКЧП остануваат исти во многу контексти. На пример, пристапот што ЕСЧП го зазема кон прашањето за пропорционалноста во врска со вмешувањето во членот 8, е комплементарен со пристапот на Судот кога се разгледува повреда на членот 6 и потребата да се балансира членот 6 со другите права и интереси. Во однос на втората категорија, судијата Бошњак објасни дека случајот на *Големиот судски совет на Хурбаин против Белгија [Hurbain v. Belgium]*, во врска со „правото да се биде заборавен“ и дигиталните архиви на медиумите, ја покажал рамнотежата помеѓу правото да се биде информиран согласно членот 10 и заштитата на приватните информации согласно членот 8.

Судијата Бошњак, исто така, истакна дека ЕСЧП е подреден спрема националните судови и дека:



> *Националните судии се првостепените судии во Стразбур по тоа што се повикани да ги испитаат реалните случаи користејќи ги алатките што ги развил Судот. Притоа тие споделуваат важен дел од одговорноста што се очекува да ја сносат судиите од Стразбур. Присуствувајќи на Форумот за владеење на правото во Југоисточна Европа за прв пат, навистина сум задоволен што го гледам високото ниво на размена меѓу учесниците. Очигледно тие се збогатени со информации со кои се запознаваат на Форумот, ги пренесуваат дома и ги спроведуваат во секојдневниот живот. Така во пракса живее Европската конвенција за човекови права. Правата загарантирани со Конвенцијата не се теоретски и илузорни; туку тие се практични и ефективни.*
>
> **Марко Бошњак**

# Панел дискусии и работни групи

## Панел дискусија бр. 1: Што се приватни информации и лични податоци? Заштита на приватните информации за време на истражната постапката

- **Модератор: судија Арнфин Бардсен**
- **Панелисти: судија Јован Илиевски, судија Даријан Павли, судија Ерик Венерштром**

Како што говореше **судијата Илиевски**, контролата на личните информации и податоците, а со тоа и заштитата на податоците, е заштитена со членот 8 од ЕКЧП. Ова може да се однесува на податоците и во јавниот и во приватниот домен. При собирањето на доказите, а потоа и при нивната последователна употреба во постапката, **судијата Бардсен** идентификуваше дека постои конфликт помеѓу (а) потребата да се заштити општеството од криминал, (б) потребата да се заштити приватниот живот на оние кои се предмет на истрага и (в) потребата да се обезбеди правично судење. Во однос на тајното следење, **судијата Павли** се осврна на неодамнешните случаи на *Big Brother Watch против Обединетото Кралство [Big Brother Watch v. the United Kingdom]* и *Центар за правда против Шведска [Centrum för rättvisa v. Sweden]*, каде што Големиот судски совет на Судот ги елабorираше принципите на ЕКЧП што треба да се применат за масовното пресретнување на податоци, а особено важноста на законодавните заштитни мерки. Истражната фаза на постапката може да покрене и прашања кога податоците добиени од јавните тела се споделуваат со трети страни: и во домашен

контекст и каде податоците се споделуваат меѓу државите. Неодамна комуницираните случаи на *А.Л против Франција [A.L. v. France]* и *Е.Ј. против Франција [E.J. v. France]*, каде апликантите биле гонети во Обединетото Кралство врз основа на доказите добиени од инфилтрација на шифрираниот комуникациски софтвер EncroChat од страна на француските власти, ќе бидат особено релевантни за овие прашања.

Податоците обезбедени со повреда на членот 8 последователно може да се користат во судска постапка, на пример како доказ, што може да го засегне правото на правично судење според членот 6. **Судијата Венерштром** дискутираше како централното прашање според членот 6, е дали судењето е правично во целина. Ова често зависи од тоа дали има доволно заштитни мерки, на пример дали доказите може да се оспорат и дали тоа е единствениот доказ. Тој нагласи дека Судот нема да утврди автоматска врска помеѓу прашањето за правично судење и претходното прашање дали има повреда на членот 8 при обезбедувањето на доказите.

**Водич на форумот** - повеќе информации за:

- Заштитата што ја дава ЕКЧП за приватниот живот, видете на страниците 17-24, 38-42.
- Конвенцијата 108 и 108+ и Будимпештанската Конвенција, видете на страниците 24 - 27.
- Посебните истражни мерки и влијанието врз членот 8, видете на страниците 43-59.
- Засегнатоста на членот 6 каде што доказите добиени со повреда на членот 8 се користат во постапката, видете на страниците 59-63.




# Панел дискусија бр. 2: Објавување на информации во текот на судските постапки; Право да се биде заборавен

- **Модератор: судија Марко Бошњак**
- **Панелисти: судија Фарис Вехабовиќ, судијка Ивана Јелиќ, судија Давор Деренчиновиќ**

Во вториот панел прво се дискутираше за објавување на информации пред, за време и по судската постапка, како и примената на членовите 8, 6 и 10 во овој контекст.

Во овој контекст, правото на јавна расправа и јавно објавување на пресудите според членот 6 ќе биде особено важно. **Судијката Јелиќ** истакна дека Судот го препознал јавниот интерес за јавната природа на судските постапки, но дека сепак, публицитетот на постапката може да дојде во конфликт со заштитата на личните податоци и мора да биде воспоставен баланс. На пример, потребата за заштита на приватниот живот може да ги оправда нејавните расправи во постапките за доверување на дете. **Судијката Јелиќ** истакна како националните судови мора да му пристапат на прашањето, од случај до случај, за да утврдат дали е оправдано исклучувањето на јавноста од одреден дел од

постапката. Објавувањето на информации во текот на судската постапка може да покрене и прашања во однос на презумпцијата на невиност. **Судијата Деренчиновиќ** дискутираше во однос на тоа како може да се загрози презумпцијата на невиност со изјавите на државните функционери, вклучително и полицијата, во врска со постапката. Судиите исто така имаат одговорност, на пример, при изборот на зборови и јазик, да не ја нарушат презумпцијата на невиност.

Објавувањето на информации во врска со судските постапки, исто така, може да покрене прашања во однос на „правото да се биде заборавен", што произлегува од членот 8, за кој расправаше **судијата Вехабовиќ**. Како што технологијата и употребата на технологијата во општеството напредуваат, правото да се биде заборавен е од сè поголема важност за поединците. Отстранувањето на материјалот од интернет архивите на медиумите и спротивставеноста меѓу членовите 8 и 10 беа разгледани во пресудата на Големиот судски совет на Хурбеин против Белгија *[Hurbain v Belgium]*. **Судијата Вехабовиќ** ги разгледа потенцијалните проблеми со „правото да се биде заборавен" доколку се злоупотреби, на пример во однос на јавните личности и ја повтори важноста на факторите идентификувани во Хурбеин.

**Водич на форумот** - повеќе информации за:

- Правото на јавна расправа и членот 6(1), видете на страниците 71-75.
- Правото на јавно објавување на пресудите и членот 6(1), видете на страниците 77-86.
- Презумпцијата на невиност и членот 6(2), видете на страниците 65-71.
- Судската пракса која е во развој за „правото да се биде заборавен", видете на страниците 87-112.




## Работна група 1: Судски постапки, приватност и член 8 од ЕКЧП

- **Модератор: судијка Ивана Јелиќ**

**Претставници: Мирсад Ќеман**, потпретседател, Уставен суд на Босна и Херцеговина; **Зорана Јадријевиќ Младар**, Владин агент, Канцеларија на агентот на Србија пред ЕСЧП

Оваа работна група дискутираше за стандардите согласно членот 8 и членот 6 во однос на јавноста на судските пресуди; транспарентноста на судовите и на обвинителството; и правото на граѓаните на независно судство и обврската на судството да биде независно. Фокусот беше ставен на анонимизацијата и редакција на пресудите и на различните пристапи што може да се прифатат, вклучително и делумната или целосната анонимизација на пресудите. Беше изразена загриженост и за влијанието на целосната анонимизација на пресудите врз судската транспарентност и довербата на јавноста во судството.




# Работна група 2: Гаранции за правично судење во судските постапки и членот 6 од ЕКЧП

- **Модератор: судија Леди Бјанку**

**Претставници: Тијана Бадњар**, судијка, Основен суд Подгорица; **Милан Бајиќ**, виш правен советник за хармонизација на судската пракса, Врховен суд на Србија

Оваа работна група разговараше за употребата на доказите прибавени со методи на тајно следење во кривичната постапка. Дискусиите беа фокусирани на доказите обезбедени од EncroChat од страна на француските власти, кои им биле доставени на властите во регионот. Едно прашање кое беше покренато се однесуваше на необјавувањето од страна на француските власти, поради заштита на националната безбедност, за тоа како биле прибавени доказите. Беа дадени предлози за принципите што можат да ги применат националните судови во нивното образложение при разгледување на веродостојноста на доказите.



# Работна група 3: Дискусија на НВО – Како може судството да ги заштити приватните информации без да ја загрози транспарентноста?

- **Модератор: Џон Стауфер, правен директор и заменик извршен директор, Civil Rights Defenders**

**Претставници: Сања Радивојевиќ**, виш правен советник во Белградскиот центар за човекови права; и **Арт Вула**, проектен координатор, Младинска иницијатива за човекови права Косово

Работната група, составена од учесници од невладини организации, забележа дека често е тешко за јавноста или за членовите на невладините организации да добијат информации во врска со постапки или пресуди во прв или втор степен. Беше забележано и дека постојат прашања во однос на анонимизацијата на пресудите. На пример, поради лошата технологија за анонимизација и кога се анонимизираат одлуките кои се однесуваат на јавни службеници и покрај јавниот интерес за случајот. Преголемата редакција на одлуката, исто така може да го оневозможи разбирањето на нејзиното образложение.

Беа разгледани препораки за промена, кои вклучуваа: јасен онлајн систем за објавување на пресуди и информации за постапката; поголема транспарентност во дисциплинските постапки против судии и други правни професионалци; сеопфатни програми за обуки кои се однесуваат на законот за заштита на податоците за судството; јасни насоки за судиите за транспарентност и отчетност; и утврдување на поединечна одговорност на судиите за повреда на законот за лични податоци во текот на постапката.



# Панел дискусија бр. 3: Поглед напред – прашања на хоризонтот во Стразбур

- **Модератор: судија Леди Бјанку**
- **Панелисти: судија Арнфин Бардсен и судија Тим Ајке**

Целта на завршниот панел беше да се направи преглед на разговорите и прашањата што се дискутираа на Форумот, но и да се разгледа напредокот на овие прашања. **Судијата Бјанку** ја отвори дискусијата со признавањето дека темите што се дискутираат се однесуваат на прашања со кои не се соочуваат само судовите низ регионот, туку и судовите низ Европа и ЕСЧП. **Судијата Бардсен** истакна дека како што технологијата продолжува брзо да се развива, ќе биде важно да се разгледа претходната судска пракса на ЕСЧП во однос на новите технологии и методологијата на Судот во овој поглед, повикувајќи се на, на пример, на *Леандер против Шведска [Leander v. Sweden], С. и Марпер против Обединетото Кралство [S. and Marper v. the United Kingdom]* и *Big Brother Watch против Обединетото Кралство [Big Brother Watch v. the United Kingdom]*. Овие пресуди ја покажуваат важноста на заштитните мерки за заштита на правата во сегашноста и потенцијалните идни повреди на човековите права до кои може да доведе технологијата. Сепак, како што истакна судијата Бардсен со брзиот развој на технологијата, вклучително и вештачката интелигенција, судовите ќе треба да разгледаат дали претходните принципи се доволни. Слично на тоа, во однос на доказите обезбедени од тајните истражни мерки, особено доказите обезбедени од EncroChat, **судијата Ајке** дискутираше за важноста од разгледување на претходната судска пракса на ЕСЧП за насочени пресретнувања и масовно пресретнување, но исто така праша дали доказите од EncroChat, кои можеби се прибавени преку поставување на малициозен софтвер на уредите, ќе покренат различни прашања од оваа судска пракса. **Судијата Ајке** истакна дека националните судови играат важна улога во овие случаи, бидејќи тие имаат пристап до повеќе разузнавачки информации од ЕСЧП. Понатаму, тој истакнал дека ќе има многу што може да се добие од разгледување на пристапите преземени од различни национални судови.

На панелот, исто така, се разговараше за анонимизација и редакција на пресудите. **Судијата Ајке** разговараше за различните практики на ЕСЧП и СПЕУ во однос на анонимизацијата. Тој истакна како може да има конфликт меѓу транспарентноста и правото на пристап до информации од една страна и правото на почитување на приватниот живот, а со тоа и заштитата на податоците, од друга страна. Во однос на редакцијата на пресудите, **судијата Ајке** ја нагласи важноста да постои одредено судско преиспитување на доказите, дури и ако тоа не се објавува.

**Водич на форумот** - повеќе информации за:

- Пресретнатите шифрирани комуникации, видете на страниците 47-49, 59, 62-63.
- Анонимизацијата и редакцијата на пресудите, видете на страниците 77-86.



# Заклучоци

Во текот на Форумот, учесниците од целиот регион размислуваа со судиите на ЕСЧП за сложените прашања што се јавуваат во контекст на заштитата на податоците и судската транспарентност.

Меѓу другите теми, учесниците разговараа за заштитата предвидена со членот 8 и членот 6 во однос на посебните истражни мерки; балансот помеѓу барањето за правично судење и приватниот живот на оние кои се вклучени во постапката; и „правото да се биде заборавен" според членот 8 и спротивставеноста со правото на слобода на изразување според членот 10.

Овие прашања продолжуваат да бидат сѐ поактуелни низ Европа, бидејќи технологијата што постојано се развива го трансформира начинот на кој се води истрагата и прогонот на кривичните дела и како тоа се водат и евидентираат судските постапки. Беше јасно дека тоа се прашања кои не се вообичаени само низ јурисдикциите присутни на Форумот, туку се и теми што се разгледуваат од страна на судовите низ државите на Советот на Европа, како и од страна на ЕСЧП. Често се истакнуваше важноста од следењето на методологијата на Судот, но исто така беше јасно дека како што технологијата продолжува да се развива, така ќе се развива и судската пракса на Судот.

На Форумот беше јасна улогата што ја имаат националните судови во примената на ЕКЧП. Националните судови се поблиску до доказите и често се повторуваше дека судиите од Стразбур често ќе се потпираат на нивната анализа. Ова дополнително ја истакна важноста на судиите на сите нивоа да бидат отворени кон запознавање со развојот на технологијата и предизвиците, но и можностите што таа може да ги донесе во судските постапки. Се надеваме дека Форумот ќе ги охрабри учесниците од целиот регион да продолжат да соработуваат и да учат едни од други, додека работат на прифаќање на технолошкиот развој на начин кој го поддржува владеењето на правото и човековите права.

Форумот заврши така што од учесниците беше побарано да го контактираат Центарот AIRE и Civil Rights Defenders, со какви било предлози за тоа како Форумот може да се подобри во следните години. Ние сме благодарни на сите оние кои учествуваа на Форумот оваа година и сакаме повторно да се заблагодариме за вашето присуство и придонес.

## Листа на случаи кои беа наведени

- *А.Л. против Франција [A.L. v. France]* бр. 44715/20; *E.J. против Франција* [E.J. v. France] бр. 47930/21, комуницирани
- *Б. и П. против Обединетото Кралство [B. and P. v. the United Kingdom]*, пресуда од 24 април 2001, бр. 36337/97 и 35974/97
- *Big Brother Watch против Обединетото Кралство [Big Brother Watch v. the United Kingdom]*, пресуда од 25 мај 2021, бр. 58170/13, 62322/14, 24960/15
- *Центар за правда против Шведска [Centrum för rättvisa v. Sweden]*, пресуда од 25 мај 2021, бр. 35252/08
- *Хурбаин против Белгија [Hurbain v. Belgium]*, пресуда на Големиот судски совет од 4 јули 2023, бр. 57292/16
- *Л.Л. против Франција [L.L. v. France]*, пресуда од 10 октомври 2006, бр. 7508/02
- *Леандер против Шведска [Leander v. Sweden]*, пресуда од 26 март 1987, бр. 9248/81
- *С. и Марпер против Обединетото Кралство [S. and Marper v. the United Kingdom]*, пресуда на Големиот судски совет од 4 декември 2008, бр. 30562/04, 30566/04
- *Висент Дел Кампо против Шпанија [Vicent Del Campo v. Spain]*, пресуда од 6 ноември 2018, бр. 25527/13